# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров излегува по потреба | 16 Септември 2025 година Скопје<br>Бр.11 Год. XX |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

**Издавач:** Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.22
**Уредува:** Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
**тел.** 02/2039-307 ; 02/2039-308
**фах.** 02/2033-309


*Содржина:*


1. Одлука за донесување на Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 15.17 од ДУП М.З. Мирче Ацев 38, Општина Ѓорче Петров, Скопје ....................стр.2
2. Одлука за доделување на Годишна награда „Ѓорче Петров 2025" ....................стр.4
3. Одлука за измена на одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство за финансирање, инсталирање, управување и одржување на ФВЕ на кров на јавни објекти (училишта) во Општина Ѓорче Петров ....................стр.6


**Септември 2025 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

# РЕШЕНИЕ

## За објавување на Одлука за донесување Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 15.17 од ДУП М.З. Мирче Ацев 38, Општина Ѓорче Петров, Скопје

Се објавува одлуката за донесување Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 15.17 од ДУП М.З. Мирче Ацев 38, Општина Ѓорче Петров, Скопје, донесен со Одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров, бр. 07-733/3 од 10.07.2001 год.; бр. 08-1392/31 од 31.08.2020 год.; бр.08-1378/9 од 15.07.2022 год., бр.08-2106/3 од 31.10.2023 год., бр.02-807/5 од 30.04.2025 год., што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и деветтата седница на советот, одржана на ден 16.09.2025 година.

**Број 02-2431/1**
**од 16.09.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 36 став (6) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), член 16 став (1) точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 59-тата седница одржана на 16.09.2025 година, донесе:

## ОДЛУКА
## за донесување на Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 15.17 од ДУП М.З. Мирче Ацев 38, Општина Ѓорче Петров, Скопје, донесен со Одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров, бр. 07-733/3 од 10.07.2001 год.; бр. 08-1392/31 од 31.08.2020 год.; бр.08-1378/9 од 15.07.2022 год., бр.08-2106/3 од 31.10.2023 год., бр.02-807/5 од 30.04.2025 год.

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 15.17 од ДУП М.З. Мирче Ацев 38, Општина Ѓорче Петров, Скопје, донесен со Одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров, бр. 07-733/3 од 10.07.2001 год.; бр. 08-1392/31 од 31.08.2020 год.; бр.08-1378/9 од 15.07.2022 год., бр.08-2106/3 од 31.10.2023 год., бр.02-807/5 од 30.04.2025 год., изработена од „ЗУМ ПРОЕКТ“ Скопје со тех. бр. 122/25-У од август 2025 год., а по добиено позитивно Мислење од Комисијата за урбанизам на Општина Ѓорче Петров со бр. 10-2177/5 од 21.08.2025 год.

**Член 2**

Техничката исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 15.17 од ДУП М.З. Мирче Ацев 38, Општина Ѓорче Петров, Скопје, донесен со Одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров, бр. 07-733/3 од 10.07.2001 год.; бр. 08-1392/31 од 31.08.2020 год.; бр.08-1378/9 од 15.07.2022 год., бр.08-2106/3 од 31.10.2023 год., бр.02-807/5 од 30.04.2025 год., изработена од „ЗУМ ПРОЕКТ“ Скопје со тех. бр. 122/25-У од август 2025 год., е составен дел на Деталниот урбанистички план М.З. Мирче Ацев 38, Општина Ѓорче Петров, Скопје (донесен со Одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров бр. 07-733/3 од 10.07.2001 год.; бр. 08-1392/31 од 31.08.2020 год.; бр.08-1378/9 од 15.07.2022 год., бр.08-2106/3 од 31.10.2023 год., бр.02-807/5 од 30.04.2025 год.)

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-2399/2**
**од 16.09.2025 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Славчо Мисајлески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**За објавување на Одлука за доделување на Годишна награда „Ѓорче Петров 2025"**

Се објавува одлуката за доделување на Годишна награда „Ѓорче Петров 2025", што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и деветтата седница на советот, одржана на ден 16.09.2025 година.

**Број 02-2431/2**
**од 16.09.2025 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.08/23), член 7 став 1 од Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на Годишна награда и одбележување на други празници („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 6/06), член 4 од Одлуката за измени и дополнување на Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на Годишна награда и одбележување на други празници („Службен гласник на општина Ѓорче Петров“ бр. 7/12), советот на Општина Ѓорче Петров на 59-тата седница одржана на ден --.09.2025 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за доделување на Годишна награда**
**„Ѓорче Петров 2025”**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров по повод празникот на Општината „20 Септември”, доделува Годишна награда „Ѓорче Петров” 2025 година на:

- **ДР. Борис Јончев,** за постигнат посебен успех во областа на медицината и за афирмација на општината во земјата и во странство.

Наградата се состои од плакета и паричен износ од 30.000,00 денари.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објават во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров”.

**Број 02-2399/3**
**од 16.09.2025 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Славчо Мисајлески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**За објавување на Одлука за измена на одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство за финансирање, инсталирање, управување и одржување на ФВЕ на кров на јавни објекти (училишта) во Општина Ѓорче Петров**

Се објавува одлуката за измена на одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство за финансирање, инсталирање, управување и одржување на ФВЕ на кров на јавни објекти (училишта) во Општина Ѓорче Петров број 02-494/19 од 13.03.2025 година (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.3/2025, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и деветтата седница на советот, одржана на ден 16.09.2025 година.

**Број 02-2431/3**
**од 16.09.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 18, став 1 алинеа 5 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство (Сл.Весник на РМ бр.6/12,144/2014, 33/2015, 104/2015 и 215/2015), член 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на РМ " Бр. 05/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24)) и член 16 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Бр. 8/23) и Физибилити Студијата за оправданост од воспоставување на договор за јавно приватно партнерство, преку финансирање, инсталирање, управување и одржување на ФВЕ на кров на јавни објекти во Општина Ѓорче Петров бр. 05/25 од 05.03.2025 година, советот на Општина Ѓорче Петров на 59-тата седница, одржана на ден 16.09.2025 година, донесе

## ОДЛУКА
## За измена на одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство за финансирање, инсталирање, управување и одржување на ФВЕ на кров на јавни објекти (училишта) во Општина Ѓорче Петров

### Член 1

Со одлуката се врши измена на текстот на член 8 од Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство за финансирање, инсталирање, управување и одржување на ФВЕ на кров на јавни објекти (училишта) во Општина Ѓорче Петров број 02-494/19 од 13.03.2025 година (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.3/2025), новиот текст гласи:

„Договорот за Јавно Приватно Партнерство се доделува со објавување на Јавен оглас во отворена постапка преку електонскиот систем за јавните набавки во согласност со Законот за концесии и јавно приватно партнерство и Законот за јавните набавки во рок не подолг од 12 (дванаесет) месеци, сметано од денот на стапување во сила на одлуката."

### Член 2

Одлуката стапува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 02-2399/4**
**од 16.09.2025 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Славчо Мисајлески с.р.**